**Врз основа на член 11 од Статутот на Фондацијата за стипендирање и професионален развој на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Управниот одбор на Фондацијата распишува**

# КОНКУРС
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДВАНАЕСЕТ СТИПЕНДИИ ЗА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ЗА СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2016/17 НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

## I ОПШИ ИНФОРМАЦИИ И УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ СТИПЕНДИЈА

Фондацијата за стипендирање и професионален развој на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во својата програма има за цел да го промовира квалитетниот кадар и во исто време да го помага и следи во текот на неговото школување. За таа цел, Фондацијата УАКС, во соработка со Универзитетот Американ Колеџ Скопје и со деловната заедница, доделува стипендии за студирање на сите факултети на УАКС.

### 1. СТИПЕНДИРАЊЕ УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Согласно програмата на Фондацијата УАКС за стипендирање на ученици, за учебната 2016/2017 г. ќе бидат доделени **12** стипендии и тоа:

| Факултет | Број на стипендии |
|---|---|
| Факултет за деловна економија и организациони науки | 4 |
| Факултет за архитектура и дизајн | 2 |
| Факултет за правни науки | 1 |
| Факултет за компјутерска техника и информатика | 2 |
| Факултет за политички науки и психологија | 2 |
| Факултет за странски јазици | 1 |
| **Вкупно** | **12** |

### 2. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат учениците кои завршиле четврта година во јавните или приватните средни училишта во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици;
2. Да имаат положено државна матура.

**Доказ за успех од полагањата за државна или училишна матура (се доставуваат по завршување на полагањата за матура).**

Ќе се доделат стипендии на секој од наведените факултети и тоа:

Факултет за деловна економија и организациони науки

- 1 целосна стипендија
- 1 целосна стипендија за насоката сметководство и ревизија (стипендијата за насоката сметководство и ревизија ќе се додели после добивање на решение за работа од страна на МОН)
- 2 делумни стипендии во висина од 50% од школарината

Факултет за архитектура и дизајн

- 1 целосна стипендија
- 1 делумна стипендија во висина од 50% од школарината

Факултет за правни науки

- 1 делумна стипендија во висина од 50% од школарината

Факултет за компјутерска техника и информатика

- 2 делумни стипендии во висина од 50% од школарината

Факултет за политички науки

- 1 делумна стипендија во висина од 50% од школарината
- 1 делумна стипендија за насоката психологија во висина од 50% од школарината

Факултет за странски јазици

- 1 делумна стипендија во висина од 50% од школарината

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ КОИ МОЖАТ ДА СТЕКНАТ ПРАВО НА СТИПЕНДИЈА

| Критериум | Број на бодови |
|---|---|
| 1. Среден успех на ученикот од прва до четврта година | **до 20 бода** |
| 2. Мотивациско писмо | **до 10 бода** |
| 3. Успех од тестирањето | **до 40 бода** |
| 4. Материјални можности на студентите и нивните семејства - се земаат предвид месечните примањата по член на семејството на ученикот во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци. | **до 20 бода** |
| 5. Интервју | **до 10 бода** |

| **Вкупно** | **100 бода** |
|---|---|

## 4. ПРОЦЕС НА ИЗБИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИ НА СТИПЕНДИЈА

Процесот на избирање на корисниците на стипендија се одвива во две фази.

Во првата фаза кандидатите се пријавуваат електронски и ги доставуваат потребните документи наведени подолу во делот „место и рок на поднесување на документи“. Покрај тоа, доставуваат и мотивациско писмо.

Втората фаза започнува со тестирање на учениците.

**Во табелата подолу се дадени предметите кои треба да се полагаат за секој факултет поединечно. Апликантите кои ги исполнуваат условите,** т.е. имаат **минимум 75 поени** од тестирањето ќе бидат **избрани на прелиминарниот список.** Ќе бидат објавени збирните резултати од евалуацијата на мотивациското писмо, тестовите, средниот успех од прва до четврта година и матерјалните можности на апликантите за секој факултет. Најдобрите 24 кандидати ќе бидат повикани на интервју пред комисија. Од најдобрите од нив ќе се изберат и корисниците за секоја стипендија. Прворангираниот апликант на ФДЕИОН ќе добие целосна стипендија, второрангираниот и треторангираниот ќе добијат стипендија во висина од 50% од школарината. Прворангираниот апликант на ФДЕИОН за насоката сметководство и ревизија ќе добие целосна стипендија. Прворангираниот аплликант на ФАД ќе добие целосна стипендија, второрангираниот ќе добие стипендија во висина од 50% од школарината. Двајцата прворангирани апликанти на ФКТИ ќе добијат делумна стипендија. Прворангираниот апликант на ФПРН ќе добие делумна стипендија. Прворангираниот апликант на ФПН ќе добие делумна стипендија. Прворангираниот апликант на ФПН за насоката психологија ќе добие делумна стипендија. Прворангираниот апликанти на ФСЈ ќе добие делумна стипендија.

Во случај на ист број бодови на повеќе од кандидатите, ќе решава материјалната положба на кандидатите.

**Табела 1: Предмети кои треба да се полагаат за секој факултет поединечно:**

| Факултет | Предмети |
|---|---|
| Факултет за деловна економија и организациони науки | 1. Бизнис и претприемништво<br>2. Опционално англиски јазик (ако апликантот сака да студира на англиски јазик) |
| Факултет за компјутерска техника и информатика | 1. Десктоп апликација во C++/Delphi или<br>2. Општа ИТ култура и интелегенција |
| Факултет за архитектура и дизајн | 1. Слободно цртање |

| | |
|---|---|
| | 2. Тест за испитување на моќта за перцепција<br>3. Познавања од областа на културата и уметноста |
| Факултет за правни науки | 1. Социологија<br>2. Основи на право |
| Факултет за политички науки | 1. Есеј на англиски јазик на една од зададените теми:<br><br>-Migrants and Refugees: Dealing with the Crisis<br>-Politics at the Service of All Citizens<br>-Are Men and Women Equal in the Political Life of Macedonia? |
| Факултет за политички науки – насока психологија | Тест по предметот психологија |
| Факултет за странски јазици | Тест по англиски јазик |

## 5. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавата за стипендија се наоѓа на веб страната на УАКС www.uacs.edu.mk. Учениците кои се пријавуваат на конкурсот, треба да ја пополнат пријава**,** почнувајќи од **01.04.2016 година до 01.06.2016** година и да ја достават електронски на следната електронска адреса: uacs.foundation@uacs.edu.mk или директно во Универзитетот за **Фондација УАКС, бул. Трета македонска бригада бр. 60, 1000 Скопје (со назнака конкурс за стипендија 2016/17).**

**Тестарањата за стипендии ќе се одржат во просториите на Универзитет Американ колеџ Скопје во следниве термини:**

- Тестирањето по бизнис и претприемништво за Факултет за деловна економија и организациони науки (македонски и англиски јазик) ќе се одржи на **20.6.2016** година во просториите на Универзитет Американ Колеџ Скопје, со почеток во 13:00 часот.
- Тестирањето за Факултет за архитектура и дизајн ќе се одржи на **21.6.2016** година, со почеток во 13:00 часот.
- Тестирањето за Факултет за правни науки ќе се одржи на **22.6.2016** година, со почеток во 13:00 часот.
- Тестирањето за Факултетот за компјутерска техника и информатика ќе се одржи на **22.6.2016** година, со почеток во 13:00 часот.

- Тестирањето за Факултет за политички науки (и психологија) ќе се одржи на **23.6.2016** година, со почеток во 13:00 часот.
- Тестирањето за Факултет за странски јазици ќе се одржи на **23.6.2016** година, со почеток во 13 часот.

Прелиминарниот список ќе се објави на 1.7.2016 година на веб страната на УАКС: www.uacs.edu.mk.
Приговор по објавените резултати се доставува до универзитетот од 1.7 до 8.7.2016 година.
Конечниот список ќе биде објавен до 10.7.2016 година на веб страната на УАКС: www.uacs.edu.mk.

## 6. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Апликантите кои ја пополниле и испратиле пријавата, потребно е да ги достават и следните документи во периодот од **1.4.2016 до 1.6.2016** година:

1. **Потврди за остварените приходи** на вработените членови на семејството (за пензионираните - испратница од пензија) за последниот месец пред аплицирање по овој конкурс или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата. За невработените членови на семејството, да се достави потврда од Заводот за вработување дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок (во потврдата да биде наведен износот на паричниот надоместок, доколку го примаат), додека за учениците потврди од училиштето;
2. **Изјава** дека доставените документи се вистинити и податоците се идентични со оние податоци внесени во пријавата;
3. **Доказ за успех од средното училиште (сведителства од прва до трета година)** и доказ за успех од полагањата за државна или училишна матура *(резултати од државната матура и сведителството од четврта година ќе се достават штотуку ќе бидат добиени од страна на средните училиште и државните органи).*

**Документите се праќаат на следната адреса: Фондација УАКС, бул. Трета македонска бригада бр. 60, 1000 Скопје (со назнака конкурс за стипендија 2016/17).**

## 7. ВИСИНА НА СТИПЕНДИИТЕ

Висината на стипендијата соодветствува со **висината на стипендиите дадени во член 2 и важи** за целиот период на студирање на прв циклус академски студии.

## 8. ОДРЖЛИВОСТ НА СТИПЕНДИИТЕ

Корисниците на стипендија **треба да одржат просек** во тековната студиска година **од 3.0**, да учествуваат во најмалку два општествено одговорни настани на УАКС и да учествуваат во Клубот на тутори, во спротивно ќе им биде ускратено правото да бидат корисници во следната студиска година.

## ДЕЛ II ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕСТИРАЊЕТО ПО ФАКУЛТЕТИ

## I ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ (МК И АНГ)

## 1. ТЕСТ ПО БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО:

### 1.1. ВОВЕД

Оваа програма е заснована на наставните програми по бизнис и претприемништво до IV година за гимназиското и средно уметничко образование. Во рамките на испитот нема да бидат проверувани знаењата и способностите од содржини кои не се вклучени во испитната програма.

Испитната програма ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот;
- Структура и опис на испитот;
- Начин на оценување;
- Литература.

### 1.2. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Подрачја опфатени во испитната програма се следните:

- Карактер на бизнисот
- Бизнисот и опкружувањето
- Економија на бизнисот
- Маркетинг и бизнис
- Менаџмент
- Претприемништво
- Претприемачи
- Започнување на сопствен бизнис

#### *1.2.1. Карактер на бизнисот*

Големина на претпријатијата. Карактеристики на големи и мали бизниси со илустративни примери. Основни форми на бизнис организации.

#### *1.2.2. Бизнисот и опкружувањето*

Поим и суштина на бизнис климата. Интерно и екстерно опкружување. Клучни елементи на деловно опкружување. Државна регулација и нејзини начела. Институции значајни за креирање на бизнис клима. Политика на одржување на конкуренцијата-антимонополска политика. Значење на интерното опкружување за развој на претпријатијата.

#### *1.2.3. Економија на бизнисот*

Капитални средства кај претпријатијата. Видови и опис на трошоци кај бизнисите. Биланс на успех на претпријатието.

#### *1.2.4. Маркетинг и бизнис*

Маркетинг филозофија и маркетинг концепти. Основни маркетинг концепти. Процес на маркетирање на производи и услуги. Инструменти за маркетинг и основа на маркетиншкиот микс.

#### *1.2.5. Менаџмент*

Поим за менаџмент и процес на донесување на одлуки. Задачи на менаџерите. Функција на управување кај менаџерите. Нивоа на менаџирање и видови менаџери. Менаџерски процес и функции. Преговарање. Менаџмент на човекови ресурси, поим и функции.

#### *1.2.6. Претприемништво*

Што е претприемништво. Суштински карактеристики на претприемништвото. Претприемништвото во големи претпријатија/корпорации.

#### *1.2.7. Претприемачи*

Личноста на претприемачот. Претприемачи лидери. Позитивни и негативни карактеристики на личноста на претприемачот. Разлики помеѓу менаџерите и претприемачите.

#### *1.2.8. Започнување на сопствен бизнис*

Причини за започнување на сопствен бизнис. Начини на започнување на сопствен бизнис.

### 1.3. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по бизнис и претприемништво е писмен и се состои во решавање на писмен тест. Времетраењето на испитот е 120 минути. Прашањата во тестотот се апликативни, односно ја испитуваат способноста на кандидатот да ги примени стекнатите знаења во одредени реални ситуации. Од студентот се очекува да претстави решение на проблемска ситуација, да дискутира, образложува и слично.

### 1.4. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на поени што може да се освојат на испитот по бизнис и претприемништво е 100 поени. Одговорите се оценуваат така што одделно се оценува секоја фаза од одговорот. Максималниот број на поени кои ги носи едно прашање е впишан покрај прашањето, а зависи од бројот на бараните информации во прашањето.

### 1.5. ЛИТЕРАТУРА

Учебник по бизнис и претприемништво за IV клас, средно образование (гимназиско образование и средно уметничко образование) од авторите д-р Таки Фити и Верица Хаџи Василева-Марковска.

## II ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

Тестот за проверка на способности и стекнати релевантни знаења од општа култура за студирање на факултетот за архитектура и дизајн се состои од 3 (три) дела:

1. Слободорачно цртање: кандидатот треба да исцрта претходно поставена композиција од геометриски тела со непосредно набљудување и визирање со помош на графитен молив.
   - времетраење на тестот..........................................30 мин.
   - Максимум освоени поени.......................................30

2. Тест за испитување на способноста за логичко и просторно расудување составен од 10 графички задачи.
   - времетраење на тестот..........................................15 мин.
   - Максимум освоени поени.......................................30

3. Тест од општа култура на кој студентот со аокружување и дополнување на десет прашања демонстрира знаење од општа култура со посебен осврт врз уметноста и архитектурата кај нас и во светот.
   - времетраење на тестот..........................................15 мин.
   - Максимум освоени поени.......................................40

4. **Литература:** Ликовна уметност, учебник за III  и IV клас гимназија и друга слична литература.

Вкупно бодови кои можат да се освојат на сите три теста е **100**.

Тестирањето како и оценувањето на кандидатите ќе ги спроведе комисија од пет члена, избрана од Наставно-научниот совет на ФАД.

III ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

## 1. ТЕСТ ПО СОЦИОЛОГИЈА:

### 1.1. ВОВЕД

Оваа програма е заснована на наставната програма по социологија од I година за средното стручно образование. Испитната програма не ги содржи сите елементи од наставните програми по социологија од I година, а за кои комисијата процени дека треба да бидат вклучени во испитот. Во рамките на испитот нема да бидат проверувани знаењата и способностите од содржините кои не се вклучени во испитната програма.

Испитната програма ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот
- Структура и опис на испитот
- Начин на оценување
- Литература

### 1.2. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Подрачјата кои се опфатени со оваа испитна програма се:

- Општествена структура
- Основни групи во општеството
- Општествени институции и
- Опшествени промени.

#### 1.2.1. Општествена структура

Ги опфаќа поимот и елементите на општествената структура и факторите што ја определуваат. Земена е предвид структурата на општеството, статусот на поединците во општеството и општествената моќ.

#### 1.2.2. Основни групи во општеството

Опфатени се општествените групи и предрасудите и судирите што настануваат помеѓу различни групи. Македонската нација, етничките групи и националниот и религиски идентитет во Македонија се вклучени во избраните теми.

#### 1.2.3. Општествени институции

Земени се во избор поимот и видовите на институции, економските институции и сопственоста како економска институција. Опфатени се политичките институции, државниот поредок и политичките системи во модерните држави и во Македонија. Предмет на интерес се и политичките партии, интересните групи и групи за притисок. Ги опфаќаме и современите европски политички интеграции, институциите на Европската унија, како и односот на Македонија и Европската унија. Избрани се и граѓанинот и неговите права.

### 1.2.4. Општествени промени

Вклучени се и видовите и факторите на општествените промени и развојот на општеството.

## 1.3. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по социологија е писмен е се состои од решавање тест. Времетраењето на испитот е 120 минути. Бројот на испитните задачи од секое подрачје ќе биде соодветен на нивната процентуална застапеност во однос на вкупниот број на испитни задачи што ќе ги содржи тестот. Во тестот се застапени три вида на испитни задачи:

- 10-12 прашања во кои студентот треба да избере еден точен од понудени два или четири одговори;
- 10-12 прашања во кои студентот треба на означеното место да запише краток одговор;
- 6 есејски прашања во кои студентот треба даде дефиниција или објаснување на зададен поим.

## 1.4. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на поени што може да се освојат на испитот по социологија е 100 поени.

- Точниот одговор на прашањата за коишто студентот треба да избере еден точен од два или четири понудени одговори се оценува со два поени.
- Секој точен одговор на прашањата за коишто студентот треба на означеното место да запише краток одговор се оценува со 2 или 3 поени одделно, за секој запишан точен одговор.
- Есејските прашањата во кои се бара од студентот да даде дефиниција или објаснување на зададен поим се оценуваат со 6 поени.

## 1.5. ЛИТЕРАТУРА

Учебник по социологија за I  клас средно стручно образование од Зоран Матевски и Ксенофан Угриновски.

# 2. ТЕСТ ПО ОСНОВИ НА ПРАВО:

## 2.1. ВОВЕД

Оваа програма е заснована на наставните програми по основи на право за прва година за средно стручно образование. Во рамките на испитот нема да бидат проверувани знаењата и способностите од содржини кои не се вклучени во испитната програма.

Испитната програма ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот;
- Структура и опис на испитот;
- Начин на оценување;
- Литература.

## 2.2. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Подрачја опфатени во испитната програма се следните:

- Настанување на државата и правото; белези на држава и форми на државното уредување

- Облици на владеењето и на политичкиот систем
- Поим за право и правен поредок
- Извори на правото и правни акти
- Правен однос, субјекти на правото и правни дела.

*2.2.1. Настанување на државата и правото; белези на држава и форми на државното уредување*

Овој дел ги опфаќа поимот и терминот држава и право и создавањето на македонската држава. Вклучени се белези на државата: територија, население, јавна власт; и видовите органи на државата. Поимите, видовите и формите на државно уредување: унитарна држава и сложена држава, се опфатени.

*2.2.2. Облици на владеењето и на политичкиот систем*

Опфатени се облиците на владеењето: шеф на држава, монархија и република. Земени е и поимот и видовите политички системи: недемократски и демократски.

*2.2.3. Поим за право и правен поредок*

Вклучени се поимот и видовите општествени норми. Земени се предвид и непишаните општествени правила: обичајни и морални норми, како и правните норми како пишани правила за поведение. Опфатен е делот на општествениот поредот што е регулиран со правото, преку поим и елементи на правниот поредок и на правната норма.

*2.2.4. Извори на правото и правни акти*

Ги опфаќа поимот и видовите извори на правото и на правните акти. Поединечно се опфатени правните акти: устав, закони и донесување закони, видовите подзаконски општи правни акти и видовите поединечни правни акти. Земен е предвид и усогласеноста на правните акти и материјалните акти преку начелото на законитост, и неусогласеноста на правните акти преку противправноста. Вклучена е правната сила и правосилност и извршност на правните акти.

*2.2.5. Правен однос, субјекти на правото и правни дела*

Поимот и елементите на правниот однос и правните факти се земени предвид. Опфатен е поимот за субјекти на правото, физичките и правните лица како субјекти на правото. Вклучено е застапувањето како преземање права и обврски за име и за сметка на други лица, како и поимот, елементите и видовите правни дела.

## 2.3. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по основи на право е писмен и се состои во решавање на писмен тест. Времетраењето на испитот е 120 минути. Бројот на испитните прашања од секое подрачје кои вклучуваат биде соодветен на нивната процентуална застапеност во однос на вкупниот број на испитни прашања што ќе ги содржи тестот. Во тестот се застапени три вида на испитни прашања:

- 10-12 прашања во кои студентот треба да избере еден точен од понудени два или четири одговори;
- 10-12 прашања во кои студентот треба на означеното место да запише краток одговор;

- 6 есејски прашања во кои студентот треба даде дефиниција или објаснување на зададен поим.

### 2.4. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на поени што може да се освојат на испитот по социологија е 100 поени.

- Точниот одговор на прашањата за коишто студентот треба да избере еден точен од два или четири понудени одговори се оценува со два поени.
- Секој точен одговор на прашањата за коишто студентот треба на означеното место да запише краток одговор се оценува со 2 или 3 поени одделно, за секој запишан точен одговор.
- Есејските прашањата во кои се бара од студентот да даде дефиниција или објаснување на зададен поим се оценуваат со 6 поени.

### 2.5. ЛИТЕРАТУРА

Учебник по основи на право за прва година за средното стручно образование од авторите Владо Грнчаревски, Радмила Куцуловска и Викторија Миланова

## IV ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА

### 1. ТЕСТ ПО ИНФОРМАТИКА:

#### 1.1. ВОВЕД

Оваа програма е заснована на наставните програми по информатика од I до IV година за гимназиското и средното стручно образование. Испитната програма не ги содржи сите елементи од наставните програми по информатика од I до IV година, а оние кои ги содржи се пресек од содржините кои се изучуваат во гимназиското и средното стручно образование и за кои комисијата процени дека треба да бидат вклучени во испитот. Во рамките на испитот нема да бидат проверувани знаењата и способностите од содржините кои не се вклучени во испитната програма.

Испитната програма ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот
- Структура и опис на испитот
- Начин на оценување
- Литература

#### 1.2. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Подрачјата кои се опфатени со оваа испитна програма се:

- Информатика
- Програмски јазици

#### 1.2.1 ИНФОРМАТИКА

**1.2.1.1. Информатика**

Дефиниција, развој. Информација: дефиниција, видови информации, пренесување, претставување.

**1.2.1.2. Податоци**

Представување на податоците во компјутер, бинарен броен систем, претворање на декадни во бинарни броеви, операции со бинарни броеви.

**1.2.1.3. Компјтер**

Хардвер: процесори, мемории, периферициски единици.
Софтвер: оперативни системи, апликативни програми.

**1.2.1.4. Оперативен систем**

Организација, апликации, документи, папки и датотеки.

#### 2.2.2. ПРОГРАМКСИ ЈАЗИЦИ

**2.2.2.1. Алгоритми, контролни структури и наредби**

Алгоритамски чекори, претставување на алгоритмите, структурни алгоритми, контролни структури: редоследна (секвенцијална), изборни, структури и наредби за повторување.

#### 2.2.2.2. Програмирање и типови податоци

Знаци, имиња и резервни зборови, структура на програмата, наредби за влез и излез, типови податоци.

#### 2.2.2.3. Подалгоритми и потпрограми

Подалгоритми и формални аргументи, вистински аргументи, функциски подалгоритми и потпрограми, стандардни функции, кориснички функции, повикување на функција, процедурални подалгоритми и потпрограми, стандардни процедури, кориснички процедури, рекурзија.

#### 2.2.2.4. Повеќеиндексни структури

Двоиндексна општа низа, пристапување до елементите на двоиндексна променлива.

## 2.1 СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по информатика е писмен е се состои во решавање тест. Времетраењето на испитот е 180 минути.

Во тестот се застапени три вида на испитни задачи:

- задачи во кои студентот треба да избере еден точен од понудени четири одговори;
- задачи во кои студентот треба на означеното место да запише краток одговор;
- задачи во кои студентот треба да понуди решение на зададени задачи во вид на програма напишана во програмски јазик.

За целиот тест или дел од тестот може да бидат понудени и формули. Користење на калкулатор и мобилен телефон нее дозволено.

## 2.2 НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на бодови што може да се освојат на испитот по информатика е 100.

- Вкупниот број на поени од задачите во кои студентот треба да избере еден точен од четири понудени одговори е 20. Бројот на поени којшто го носи секоја задача ќе зависи од тежината на зададената задача. Бројот на задачи ќе биде прилагоден според нивната тежина и горната граница за освојување на поени од овој вид на задачи. Ќе се оценуваат само точно решените задачи.
- Вкупниот број на поени од задачите во кои студентот треба на означеното место да запише краток одговор е 20. Бројот на поени којшто го носи секоја задача ќе зависи од тежината на зададената задача. Бројот на задачи ќе биде прилагоден според нивната тежина и горната граница за освојување на поени од овој вид на задачи. Ќе се оценуваат само точно решените задачи.
- Вкупниот број на поени во кои студентот треба да понуди решение на зададени задачи во вид на програма напишана во програмски јазик е 60. Бројот на поени којшто го носи секоја задача ќе зависи од тежината на зададената задача. Бројот на задачи ќе биде прилагоден според нивната тежина и горната граница за освојување на поени од овој вид на задачи. Бројот на поени дадени за секое програмско решение ќе зависи од тоа колкав дел од барањата на задачата се успешно покриени со предаденото програмско решение.

Учениците што учествувале на натпревари по информатика и/или математика во текот на средното образование може да добијат дополнителни поени, со приложување на потврди

(дипломи, пофалници, сертификати итн.) за нивното учество и освоените места. Овие дополнителни поени не влегуваат во рамките на предвидените 100 поени за освојување и, со нивно приложување, може да се случи кандидатот за стипендија да ги надмине максималните 100 поени коишто може да ги освои преку стандардниот конкурс (што ќе му донесе дополнителна предност во рангирањето во однос на останатите кандидати).

Дополнителни поени се добиваат за секоја приложена потврда за учество на натпревари. според следната формула:

- Секоја потврда за освоено 1. место на државен натпревар по информатика или математика носи дополнителни 100 поени:
- Секоја потврда за освоено 2. место на државен натпревар по информатика или математика носи дополнителни 75 поени;
- Секоја потврда за освоено 3. место на државен натпревар по информатика или математика носи дополнителни 50 поени;
- Секоја потврда за учество на државен натпревар по информатика или математика носи дополнителни 25 поени:

### 2.3. ЛИТЕРАТУРА

- Учебници по информатика за I, II, III и IV клас средно образование (од сите насоки).
- Збирки по информатика за I, II, III и IV клас средно образование (од сите насоки).

## V. МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИСПИТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

### 1. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Оваа програма е заснована на наставните програми по англиски јазик од прва до четврта година средно образование. Во рамките на испитот ќе се проверуваат само знаењата и способностите кои се добиваат од содржините вклучени во испитната програма.

Испитната програма ќе ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот;
- Структура и опис на испитот;
- Начин на оценување;
- Литература.

### 1.1. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Деловите кои се опфатени со оваа испитна програма се:

- Граматика;
- Употреба на англискиот јазик;

Граматика

Граматички времиња, нивно формирање и точна употреба во реченица.

Употреба на англискиот јазик

Точна употреба на граматички времиња во даден текст, сложување на времиња; употреба на точен вокабулар; точен избор на соодветниот вид на збор во даден контекст.

### 1.2. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по англиски јазик е писмен и се состои од решавање тест. Времетраењето на испитот е 100 минути. Во тестот се застапени три вида на задачи:

- 10 прашања во кои студентот треба да избере еден точен од понудени три одговори;
- 15 прашања во кои студентот треба да избере еден точен од понудени три одговори;
- 20 прашања на кои студентот треба да одговори со давање на соодветна фраза или збор за пополнување на речениците.

### 1.3. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на поени што може да се освои на испитот по англиски јазик е 100 поени.

- Точниот одговор на прашањата за кои студентот треба да избере еден од понудените три одговори се оценува со еден поен.
- Секој точен одговор на прашањата за кои студентот треба да избере еден од понудените три одговори се оценува со два поена.
- Наведувањето на соодветна фраза или збор за пополнување на секоја реченица се оценува со три поени по прашање.

### 2. ЛИТЕРАТУРА

Учебник по англиски јазик на високо ниво (кое било издание на ова ниво што се користи во средно образование)

## VI. ТЕСТ ПО ПСИХОЛОГИЈА

### 1.1. ВОВЕД

Оваа програма е заснована на наставната програма по психологија од IV година за средно гимназиско образование. Испитната програма не ги содржи сите елементи од наставната програма по психологија. Во рамките на испитот нема да бидат проверувани знаењата и способностите од содржините кои не се вклучени во испитната програма.

Испитната програма ги содржи следниве компоненти:

- Содржина на испитот
- Структура и опис на испитот
- Начин на оценување
- Литература

### 1.2. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

Со оваа испитна програма се опфаќа подрачјето психички процеси. Поконкретно, се офаќаат следните теми: учење, помнење и заборавање, мислење и говор, емоции, мотивација.

### 1.3. СТРУКТУРА И ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по психологија е писмен и се состои од решавање тест. Времетраењето на испитот е 120 минути. Бројот на испитните задачи од секое подрачје ќе биде соодветен на нивната процентуална застапеност во однос на вкупниот број на испитни задачи што ќе ги содржи тестот. Во тестот се застапени три вида на испитни задачи:

- 10-12 прашања во кои студентот треба да избере еден точен од понудени два или четири одговори;

- 10-12 прашања во кои студентот треба на означеното место да запише краток одговор;

- 6 есејски прашања во кои студентот треба даде дефиниција или објаснување на зададен поим.

## 1.4. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на поени што може да се освојат на испитот по психологија е 100 поени. Точниот одговор на прашањата за коишто студентот треба да избере еден точен од два или четири понудени одговори се оценува со два поени. Секој точен одговор на прашањата за коишто студентот треба на означеното место да запише краток одговор се оценува со 2 или 3 поени одделно, за секој запишан точен одговор. Есејските прашањата во кои се бара од студентот да даде дефиниција или објаснување на зададен поим се оценуваат со 6 поени.

## 2. ЛИТЕРАТУРА

Учебник по психологија за IV година средно гимназиско образование од Илина Тодорова.